**С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К**
**НА ОПШТИНА КРУШЕВО**

**03.11.2017 год.** **Бр.X**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.гласник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за објавување на актите донесени на конститутивната седница на Советот на Општина Крушево одржана на ден 03.11.2017 год.***

1.**СЕ ОБЈАВУВААТ** актите донесени на 2-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 03.11.2017 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.09-939/1 од 03.11.2017 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр. бр.1/2007 и 16/2014) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на втората седница, одржана на 03.11.2017 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од конститутивната 1-ва седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 30.10.2017 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002).

**Бр.08-913/3 од 03.11.2017 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 45 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 29 а, 29 б, 29 в, 29 г, 29 д, од Законот за дополнување на Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката (“Сл.весник на Р.М.” 121/07; 161/08; 92/2009 и 42/2010; 97/2010 и 11/2012) и член 21 став 1 точка 50, член 53 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007 и 16/14), по предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 03.11.2017 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
***за определување на надоместоците на членовите на Советот на Општина Крушево***

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува надоместокот на членовите на Советот на Општина Крушево што ќе го примаат за учество во работата на Советот, како и надоместокот за патните и дневните трошоци.

**Член 2**

На членовите на Советот на Општина Крушево им припаѓа месечен надоместок за присуство на седница на Советот во висина од 40 % од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година.

**Член 3**

На претседателот на Советот на Општина Крушево, за раководењето и организирањето на работата на советот надоместокот од член 2 се зголемува за 30 %.

**Член 4**

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се исплатува за присуство на сите седници на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се намалува за 30 % за секое отсуство од седница на советот.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот не се исплатува, доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку советот во тековниот месец не одржал седница .

**Член 5**

Надоместокот за патните и дневните трошоци за службени патувања во земјата и странство се утврдува според прописите кои се однесуваат на Државните службеници вработени во општинската администрација на општина Крушево.

**Член 6**

Средствата за исплата на надоместоците утврдени со оваа Одлука се обезбедени во Буџетот на Општина Крушево.

**Член 7**

Со влегување во сила на оваа Одлука престануваат да важат одлуките бр.07-314/4 од 29.04.2013 година.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-913/4 од 03.11.2017 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 10, 11, 12 и 17в. од Законот за плата и други надоместоци на пратениците во Собранието на Р.Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката (“Сл.весник на Р.М. “ бр.36/90; 44/90; 38/91; 23/97; 37/05; 84/05; 121/07; 161/08; 92/09; 42/2010; 97/2010 и 11/2012), и член 53 став 3 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007 и 16/14), на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 03.11.2017 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
***за исплата на плата на Градоначалникот на Општина Крушево***

1. На Градоначалникот на Општина Крушево **ТОМЕ ХРИСТОСКИ**, да му се исплати плата во бруто износ од 72.238,00 денари.

2. Во месечната бруто плата од точка 1 на ова Решение ќе се врши зголемување врз основа на минат труд и тоа за 0,5% за секоја навршена година работен стаж;

3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево, а ќе се применува од 25.10.2017 година;

4. Примерок од решението да се достави до Градоначалникот на Општина Крушево, одделението за финансиски прашања и Архива на Општина Крушево;

Упатство за правно средство: Против ова Решение допуштена е жалба во рок од 8 дена од приемот на истото до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен на Република Македонија.

***О б р а з л о ж н и е***

Решението е донесено врз основа Законот за плата и други надоместоци на пратениците во Собранието на Р.Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката (“Сл.весник на Р.М. “ бр.36/90; 44/90; 38/91; 23/97; 37/05; 84/05; 121/07; 161/08; 92/09; 42/2010; 97/2010 и 11/2012) е утврден коефициент од 2,7 х 26.755,00 =72.238,00 денари. Платата ќе се зголемува за пресметан минат труд од 0,5%, за секоја навршена година работен стаж (градоначалникот има стаж 22 години и 4 дена) или 11% минат труд.

**Бр.08-913/5 од 03.11.2017 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 32, став 2, 3 и 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 40, 41 став 1 алинеја 2 и член 54 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007 и 16/14) и член 112, 115, 116 и 133 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на предлог на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на седницата одржана на 03.11.2017 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на претседател и членови на комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој**

1. За претседател и членови на комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој, се избираат:

**-Евгенија Петроска претседател;**

**-Перо Котески, член;**
**-Тома Петроски, член;**
**-Киро Сотироски, член;**
**-Александар Стојчеки, член;**

2. Мандатот на претседателот и членовите на комисијата за финасирање, буџет и локален економски развој, ќе трае колку и мандатот на членовите на Советот.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево

4.Примерок од ова Решение да се достави до именуваните и Архивата на Општина Крушево.

**Бр.08-913/6 од 03.11.2017 година.**

**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 32, став 2, 3 и 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002) член 40, 41 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/14) и член 112, 115, 116 и 134 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на предлог на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на седницата одржана на 03.11.2017 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на претседател и членови на комисијата за урбанизам и комунални дејности и заштита на животната средина**

1. За претседател и членови на комисијата за урбанизам и комунални дејности и заштита на животната средина, се избираат:

**-Тома Петрсоки,** претседател;
**-Садат Имероски,** член;
**-Еран Мемедоски ,** член;
**-Киро Сотироски,** член;
**-Агапи Чункоска,** член;

2. Мандатот на претседателот и членовите на комисијата за урбанизам и комунални дејности и заштита на животната средина, ќе трае колку и мандатот на членовите на Советот.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

4.Примерок од ова Решение да се достави до именуваните и Архивата на Општина Крушево.

**Бр.08-913/7 од 03.11.2017 година.**

**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 32, став 2, 3 и 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002) член 40, 41 став 1 алинеја 4 и член 55 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/14) и член 112, 115, 116 и 135г. од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на предлог на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на седницата одржана на 03.11.2017 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на претседател и членови на комисијата за општествени дејности**

1. За претседател и членови на комисијата за општествени дејности, се избираат:

**-Абуш Изеироски**, претседател;
**-Евгенија Ангелкоска** член;
**-Еран Мемедоски**, член;
**-Александра Мијајлевска-Стефановска**,член;
**-Агапи Чункоска**, член;

2. Мандатот на претседателот и членовите на комисијата за општествени дејности, ќе трае колку и мандатот на членовите на Советот.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево

4.Примерок од ова Решение да се достави до именуваните и Архивата на Општина Крушево.

**Бр.08-913/8 од 03.11.2017 година.**

**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 32, став 2, 3 и 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002) член 40, 41 став 1 алинеја 5 и член 56 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/14) и член 112, 115, 116 и 135 д. од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на предлог на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на седницата одржана на 03.11.2017 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на претседател и членови на комисијата за статут и прописи**

1. За претседател и членови на комисијата за статут и прописи, се избираат:

**-Тома Петроски**, претседател;
**-Евгенија Петроска**, член;
**-Абуш Изеироски** , член;
**-Киро Сотироски**, член;
**-Александар Стојчески**, член;

2. Мандатот на претседателот и членовите на комисијата за статут и прописи, ќе трае колку и мандатот на членовите на Советот.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево

4.Примерок од ова Решение да се достави до именуваните и Архивата на Општина Крушево.

**Бр.08-913/9 од 03.11.2017 година.**

**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 32, став 2, 3 и 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) член 40, 41 став 1 алинеја 6 и член 57 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007 и 16/14) и член 112, 115, 116 и 135ѓ. од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на предлог на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на седницата одржана на 03.11.2017 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на претседател и членови на комисијата за месна самоуправа**

1. За претседател и членови на комисијата за месна самоуправа, се избираат:

**-Еран Мемедоски , претседател;**
**-Абуш Изеироски, член;**
**-Садат Имероски, член;**
**-Алескандра Мијајлевска-Стефановска, член;**
**-Агапи Чункоска член;**

2. Мандатот на претседателот и членовите на комисијата за месна самоуправа, ќе трае колку и мандатот на членовите на Советот.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево

4.Примерок од ова Решение да се достави до именуваните и Архивата на Општина Крушево.

**Бр.08-913/10 од 03.11.2017 година.**

**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 32, став 2, 3 и 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) член 40, 41 став 1 алинеја 7 и член 58 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007 и 16/14) и член 112, 115, 116 и 135е. од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на предлог на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на седницата одржана на 03.11.2017 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на претседател и членови на комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија**

1. За претседател и членови на комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија, се избираат:

**-Евгенија Ангелкоска, претседател;**
**-Евгенија Петероска, член;**
**-Еран Мемедоски, член;**
**-Киро Сотироски, член;**
**-Александра Мијајлевска-Стефановска,член;**

2. Мандатот на претседателот и членовите на комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија, ќе трае колку и мандатот на членовите на Советот.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево

4.Примерок од ова Решение да се достави до именуваните и Архивата на Општина Крушево.

**Бр.08-913/11 од 03.11.2017 година.**

**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 32, став 2, 3 и 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) член 40, 41 став 1 алинеја 8 и член 59 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007 и 16/14) и член 112, 115, 116 и 135ж. од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на предлог на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на седницата одржана на 03.11.2017 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на претседател и членови на комисијата за родова (полова) еднаквост (Комисија за еднакви можности помеѓу жените и мажите)**

1. За претседател и членови на комисијата за родова (полова) еднаквост, се избираат:
***-Агапи Чунковска,*** претседател;
***-Евгенија Петроска,*** член;
***-Евгенија Ангелкоска,*** член;
***-Еран Мемедоски***, член;
***-Александра Мијајлевска-Стефановска***,член;

2. Мандатот на претседателот и членовите на комисијата за родова (полова) еднаквост, ќе трае колку и мандатот на членовите на Советот.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево

4.Примерок од ова Решение да се достави до именуваните и Архивата на Општина Крушево.
**Бр.08-913/12 од 03.11.2017 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 56 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 126 од законот за заштита на потрошувачите ("Сл.весник на Р.М." бр.38/04 и 77/07) и член 79, 80, 81, 82 и 83 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/14), Советот на Општина Крушево на предлог на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на седницата одржана на 03.11.2017 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на членови на**
**Советот за заштита на потрошувачите**

1. За членови на Советот за заштита на потрошувачите, се избираат:
**-Оџаклиески Миха-ДООЕЛ „Оџаклиески"**, член;
**-Здравески Жан-„Ресторан Шапе",** член;
**-Трајче Талески-„Пицерија Рома",** член;
**-Никола Чавкароски,** член;
**-Маре Благадуша**, член;
**-Билјана Проеска,** член;
**-Надица Крстеска,** член;

2. Мандатот на членовите на Советот за заштита на потрошувачите, ќе трае 4 години.
3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево
4.Примерок од ова Решение да се достави до именуваните и Архивата на Општина Крушево.
**Бр.08-913/13 од 03.11.2017 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 27 од Законот за семејство ("Сл.весник на Р.М" бр.80/92; 9/96; 38/04; 33/06; 84/08 и 67/2010) член 21, став 1, точка 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/14), Советот на Општина Крушево на седница одржана на 03.11.2017 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
***за определување на Советници при склучување на бракови***

1. За претставници при склучување на бракови се определуваат сите советници во состав на Советот на Општина Крушево и тоа:
**- Тома Петроски**;
**- Евгенија Петроска**;
**- Перо Котески;**
**-Абуш Изеироски**;
**- Садат Имероски**;
**-Евгенија Ангелкоска**;
**- Еран Мемедоски**;
**-Киро Сотироски**;
**-Александра Мијајлевска-Стефановска**;
**-Александар Стојчески**;
**-Агапи Чункоска**;

**Член 2**
2. Мандатот на советниците како претставници при склучување на бракови трае колку и мандатот на членовите на Советот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

4.Примерок од ова Решение да се достави до именуваните, до Министерство за Правда-Управа за водење матични книги-Крушево и Архивата на Општина Крушево.
**Бр.08-913/14 од 03.11.2017 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 32 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002) член 40, 41 став 3 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/14), Советот на Општина Крушево на предлог на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на седницата одржана на 03.11.2017 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на претседател и членови на Комисија за изработка на Програма за работа на Советот на Општина Крушево**

1. За претседател и членови на комисијата за изработка на Програма за работа на Советот на Општина Крушево, се избираат:
***-Евгенија Петроска,*** претседател;
***-Тома Петроски,*** член;
***-Перо Котески,*** член;
***-Александра Мијаљлевска-Стефановска*** *член;*
***-Александар Стојчески,*** *член;*

2. Мандатот на членовите на комисијата, ќе трае до изработката на Програмата и нејзиното усвојување од страна на Советот на Општина Крушево.
3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево
4.Примерок од ова Решение да се достави до именуваните и Архивата на Општина Крушево.
**Бр.08-913/15 од 03.11.2017 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 74 од Сататутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007 и 16/14), Советот на Општина Крушево објавува:

**Ј А В Е Н  П О В И К**
***за доставување на предлози за членови на Комисијата за односи меѓу заедниците***

Согласно одредбите од Статутот на Општина Крушево, се повикуваат политичките партии застапени во Општина Крушево, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на објавување на јавниот повик, да достават предлози за членови на Комисијата за односи меѓу заедниците.

Своите предлози да ги достават до Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.

За членови на Комсијата можат да се предложат лица кои ги исполнуваат следните услови: да биде државјанин на Република Македонија; со постојано место на живеење во општината и лице кое што не е осудувано со правосилна судска Одлука со казна затвор во траење од над 3 (три) години.

Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања ќе ги разгледа доставените предлози и ќе состави предлог за членови на комисијата кој ќе го достави до Советот на Општина Крушево.
**Бр.08-913/16 од 03.11.2017 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 52, став 5, 6, 7 и 8, од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) и член 67 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007 и 16/14), Градоначалникот на Општина Крушево, на ден 01.11.2017 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Лицето **ЕВГЕНИЈА ПЕТРОСКА** од Крушево, член на Советот на Општина Крушево, се определува да го заменува градоначалникот на Општина Крушево во случаи на спреченост или отсуство.

На членот на советот му мирува функцијата член на советот за времето кога го заменува градоначалникот.

Висината на надоместокот кој ќе го прима членот на советот за вршење на оваа функција ќе се определи со посебно Решение.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево.

***О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е***

Согласно Законот за локална самоуправа и Сатутот на Општина Крушево, градоначалникот на општината определува член на советот кој ќе го заменува во случаи на спреченост или отсуство до 6 (шест) месеци; во случај на неоправдано отсуство подолго од 6 (шест) месеци и ако престане да биде жител на општината.

Заради горе наведеното градоначалникот на општината реши како во диспозитивот.

Примерок од ова Решение да се достави до именуваниот и архивата на општина Крушево.
**Бр.09-915/1 од 31.10.2017 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 132 и 135 став 2 од Законот за Основно образование (“Сл.весник на Р.М.” бр.103/08; 33/10; 116/10; 156/10; 18/11; 51/11; 6/12; 100/12; 24/13; 41/14; 116/14; 135/14; 10/15; 98/15; 145/15; 30/16 и 127/16), член 50 став 1 точка 9 и 16 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002), член 62 став 1 точка 9 и 16 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007 и 16/14), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**О Д Л У К А**

***за објавување на Јавен оглас за избор на директор на ООУ "Никола Карев" Крушево***

**Член 1**

Со оваа Одлука Градоначалникот на Општина Крушево одлучи Училишниот одбор на ООУ "Никола Карев" Крушево да објави Јавен оглас за избор на директор на училиштето.

**Член 2**

Училишниот одбор на ООУ "Никола Карев" Крушево, по претходно спроведена постапка на Градоначалникот му предлага два кандидати за избор на директор на училиштето, доколку на Јавниот оглас се пријавиле повеќе кандидати.

**Член 3**

Градоначалникот на Општина Крушево во рок од 10 (десет) дена од денот на добивање на предлогот, избира еден кандидат за директор на Основното училиште.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.09-912/1 од 31.10.2017 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 132 и 135 став 2 од Законот за Основно образование ("Сл.весник на Р.М." бр.103/08; 33/10; 116/10; 156/10; 18/11; 51/11; 6/12; 100/12; 24/13; 41/14; 116/14; 135/14; 10/15; 98/15; 145/15; 30/16 и 127/16), член 50 став 1 точка 9 и 16 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002), член 62 став 1 точка 9 и 16 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/14), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**О Д Л У К А**

***за објавување на Јавен оглас за избор на директор на ООУ "Св.Кирил и Методиј" с.Бучин Општина Крушево***

**Член 1**

Со оваа Одлука Градоначалникот на Општина Крушево одлучи Училишниот одбор на ООУ "Св.Кирил и Методиј" с.Бучин Општина Крушево да објави Јавен оглас за избор на директор на училиштето.

**Член 2**

Училишниот одбор на ООУ "Св.Кирил и Методиј" с.Бучин Општина Крушево, по претходно спроведена постапка на Градоначалникот му предлага два кандидати за избор на директор на училиштето, доколку на Јавниот оглас се пријавиле повеќе кандидати.

**Член 3**

Градоначалникот на Општина Крушево во рок од 10 (десет) дена од денот на добивање на предлогот, избира еден кандидат за директор на Основното училиште.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.09-923/1 од 01.11.2017 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

С О Д Р Ж И Н А

Ре.бр. стр.

1.Заклучок за објавување на актите донесени на 2-та седница на Советот на Општина Крушево ........................................................ 1

2. Заклучок за усвојување на записникот од конститутивната 1-ва седница на Советот на Општина Крушево ............................................ 1

3. Одлука за определување на надоместоците на членовите на Советот на Општина Крушево ......................................................... 1

4.Решение за исплата на плата на Градоначалникот на Општина Крушево ....... 2

5. Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој ................................ 2

6. Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за урбанизам и комунални дејности и заштита на животната средина ...... 3

7. Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за општествени дејности ......... 3

8. Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за статут и прописи .................. 3

9. Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за месна самоуправа ................. 4

10. Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија ......................................................... 4

11. Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за родова (полова) еднаквост (Комисија за еднакви можности помеѓу жените и мажите) ........................................................ 4

12. Решение за избор на членови на Советот за заштита на потрошувачите ............................ 5

13. Решение за определување на Советници при склучување на бракови ............................. 5

14. Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за изработка на Програма за работа на Советот на Општина Крушево ...... 6

15. Јавен повик за доставување на предлози за членови на Комисијата за односи меѓу заедниците ........................................................................................ 6
16. Решение за именување на заменик Градоначалник на Општина Крушево ................ 6
17. Одлука за објавување на Јавен оглас за избор на директор на ООУ "Никола Карев" Крушево ........................................................................................ 7
18. Одлука за објавување на Јавен оглас за избор на директор на ООУ "Св.Кирил и Методиј" с.Бучин Општина Крушево .................................... 7

Редакциски одбор на Општина Крушево.